# ПЛАН
# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО
# ЛОКАЛИТЕТ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО



## ПОДПРОЕКТ
## КУЌАТА НА СОКОЛОВИ

Март, 2020

**Содржина**

Кратенки и акроними ........................................................................................................... 3
1. Општи информации......................................................................................................... 4
1.1. Информации за локалитетот за културно наследство ..................................................... 4
1.2. Социјално-економски развој на Локалитетот на културно наследство ........................................... 6
2. Развој, методологија и постапки за планот со управување со локалитетот на културно наследство ........................................................................................................... 14
2.1. Извори на податоци ........................................................................................................ 14
2.2. Јавни консултации ........................................................................................................... 16
2.3. Фази на развој на ПУКН ................................................................................................. 19
2.3.1. Анализи .......................................................................................................................... 19
2.3.2. Поставување цели ......................................................................................................... 20
2.3.3. Развој на акциските планови ......................................................................................... 21
3. Моментални услови и потенцијал за развој на ЛКН ......................................................... 21
3.1. Чување на локалитетот на културно наследство ............................................................... 21
3.2. Употреба на локалитетот на културно наследство ........................................................... 24
3.3. Човечки капацитети на локалитетот на културно наследство ........................................... 26
3.4. Управување со посетители ................................................................................................ 26
3.5. Безбедност на локалитетот на културно наследство ......................................................... 27
3.6. Систем на управување со локалитетот на културно наследство ........................................ 28
3.7. Финансирање на локалитетот на културно наследство ..................................................... 28
4. Цели на Планот за управување со локалитетот на културното наследство .......................... 30
5. Акциски планови на локалитетот на културното наследство ............................................. 31
5.1. План за конзервација ...................................................................................................... 31
5.2. Културна и економска валоризација на планот ................................................................. 31
5.3. План за управување со посетители .................................................................................. 33
5.4. План за безбедност ......................................................................................................... 34
5.5. Оперативен план за управување ....................................................................................... 34
5.6. Среднорочен финансиски план ........................................................................................ 35
6. Мониторинг на имплементација на локалитетот на културното наследство ................................ 35
План за управување со на локалитетот на културното наследство – Здружение Куќата на Соколови – табеларен приказ ........................................................................................................... 39
Следење на планот за управување со на локалитетот на културното наследство – Здружение Куќата на Соколови – табеларен приказ ............................................................................. 44
Анекс 1 Конзерваторско одобрение ........................................................................................ 46

**КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ**

| | |
|---|---|
| ПЛРК | Проект за локална и регионална конкурентност |
| ПУЖС | План за управување со животната средина |
| ПУЛКН | План за управување со локалитет на културно наследство |
| ПУП | Планот за управување со посетители |
| СККС | Споменик на културата Куќата на Соколови |
| НУНКЦ | Национална Установа – Национален Конзерваторски Центар – Скопје |
| КН | Културно наследство |
| ЛКН | Локалитет на културно наследство |
| ЕСП | Единица за спроведување на Проектот |

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) е четиригодишна инвестициска операција, поддржана од Европска Унија и ги користи средствата од ИПА 2 и наменета за конкуренција и иновација во Македонија. ПЛРК е менаџиран како Хибрид Труст Фунд и составен од четири компоненти, и спроведуван од Светска Банка и Влада на Македонија. Проектот обезбедува финансиски инвестиции и градење капацитети со цел поддршка на секторски раст, инвестирање во дестинации и развој на специфична дестинација.

На регионално и локално ниво, Проектот подржува избрани туристички дестинации во земјата преку една комбинација на техничка подршка со цел подобрување на менаџирањето на дестинацијата, инвестирање во инфраструктурата и инвестиции во иновации.

Инвестициите се реализираат преку шема на грант за засегнати страни на регионален туризам како што се општините, институциите, НВО и приватниот сектор.

## 1.1. Информации за локалитетот за културно наследство

ЛКН Куќата на Соколови е сместена во старото градско јадро на Кратово, кое пак е категоризирано како културно наследство од особено значење со посебен закон - Закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење - Службен весник на Република Македонија бр. 144/14.

ЛКН Куќата на Соколови спаѓа во категорија на споменикот на културата и е заведена во Националната установа Републички завод за заштита на споменици на културата – Скопје, под регистарски број 348 и под име Куќа на ул. Митко Каленински бр.5, Кратово.

Автентичноста и датирањето на куќата од 19 век ја потврдуваат тн царски документи, издадени во февруари, 1910 година, каде што се прикажани границите и вкупната површина на куќата.[1]

Споменикот на културата се наоѓа на катастарската парцела број 1342, во катастарска општина Кратово, со вкупна површина од 1500 м2, од кои 122 м2, се водат како внатрешна површина.

Куќата на Соколови е една од неколкуте сочувани куќи во Кратово, што се прогласени за Споменици на културата. Таа е сочувана во оригиналната состојба и ги има задржано вредностите заради кои била прогласена за споменик на културата.

[1] Денес сопственици на ЛКН Куќата на Соколови се Соколова Елизабета и Соколов Васил.

Поседува карактеристична архитектура од 19 век со комбинација на камена градба и бондручна конструкција, која, пак е прекрасно вткаена во карпестата конфигурација на теренот.

Текстурата и бојата на камениот ѕид на подрумот и катот го потенцираат конзолно издадениот кат со бондручна конструкција и бело малтерисани фасади. Функционалната шема е асиметрична со разгранет чардак и сочуван ентериер.



Слика број 1 - Задната страна на куќата поставена на карпа што гледа кон долот на реката Манцина

Поради староста на објектот и нејзината автентична архитектура, откако од страна на државата е прогласена за Споменик на културатаво во 1980 година, Куќата на Соколови беше санирана од распаѓање во 2005 година, преку проект финансиран од Светска Банка, а реализиран преку Министерството за култура (Развој на општините и културата – Оживување на културно наследство – Куќата на Соколови). Со тој проект се обезбеди санација и ревитализација на одделни ѕидни позиции, замена на дрвените греди со нови, поставување на кровна конструкција.
Во овој подпроект ќе се комплетира внатрешното уредување на куќата, ќе се уреди дворот, ќе се поправи главната капија со цел куќата да биде во состојба за употреба, односно се наменува за преноќиште и се промовира како куќа Споменик на културата.
Целта на ПУКН е заштита, отстранување и намалување на негативните ефекти врз културното наследство во согласност со Законот за заштита на културно наследство на Република Македонија.
Придобивките на проектот се промоција на руралниот туризам во Општина Кратово преку санација и адаптација на автентичната кратовска архитектура како преноќиште.

**1.2. Социјално-економски развој на Локалитетот на културно наследство**

ЛКН Куќата на Соколови се наоѓа во градот Кратово, кој припаѓа на Североисточниот дел на РСМ.
Регионот изобилува со пријатна клима, шуми, разновиден и уникатен жив свет, свеж воздух, живописни пејсажи, многу атракции, манифестации и културни знаменитости.
Природната убавина на североисточниот регион е неповторлива. Покрај уникатниот биодиверзитет, овој регион има голем број геоморфолошки реткости – вулкански топки, каскади, мали водопади, итн.
Регионот е полн со историски и културни вредности за кои дознаваме од бројните археолошки локалитети и артефакти што ќе ве однесат во далечното минато.
Манастирите, културно-историските споменици, добро зачуваната традиционална архитектура и врвните специјалитети на храна од еколошко потекло се уште една причина за посета.
Североисточниот регион има многу да понуди за пешачење, качување во планина и алпинизам. Осоговските Планини имаат 6 врвови над 2000 метри вклучувајќи го и вториот највисок врв во Северна Македонија на надморска височина од 2252 метри. Неодамна, овој регион започна со развивање екотуризам и производство на здрава храна.
**Општина Кратово** се наоѓа во подножјето на Осоговските планини. Има површина од 376 км2 и 31 населено место со просечна надморска висина од 850м.

Кратово е еден од најстарите градови на Балканот кој датира уште од 4 век пред нашата ера, лоциран на просторот на изгаснат вулкан (кратер) по што го добил своето име. Со својата специфична рељефна и географска поставеност, Кратово е град музеј кој изобилува со природнии историски споменици на културата.

Постојат две легенди за името на Кратово. Според првата легенда, името доаѓа од зборот „кратер“ - вулкански отвор на одамна изгаснат вулкан каде што е сместен градот. Според втората легенда, името доаѓа од словенскиот збор „корито“- речно корито.

Кратово е еден од најстарите градови на Балканскиот полуостров. За него се сведочи во Хомеровата „Илијада“ . Всушност, пронајдени се монети од Тракиско време, во периодот на владеењето на пајонскиот крал Авдолеон (315-285 пред новата ера).



Слика број 2 -Панорама на градот Кратово

Културни институции во Кратово се Музеј на град Кратово и Домот на културата Лазар Софијанов.

Музејот на град Кратово е сместен во реновирана стара македонска куќа заштитена со закон. Во него е организирана постојана музејска изложба составена од неколку збирки: археолошка, историска и етнолошка, секоја со мала поставка, а постои и одделение за конзервација на наодите.

Постојани музејски поставки: Саат кула, Симиќева кула и Златкова кула.



Слика број 3 -Музеј на град Кратово

Домот на култура „Лазар Софијанов“ се наоѓа во центарот на градот сместен во куќата на Дадцови која е ставена под заштита на Управата за заштита на културно наследство како споменик на културата. Располага со канцелариски простор, галерија и плато за одржување на културни манифестации. Под ингеренции на домот на културата е и Мултимедијалниот центар кој е опремен со современа кино сала за прожектирање филмови и одржување културни и музички манифестации.



Слика број 4 -Домот на култура „Лазар Софијанов“

Во Кратово денес постојат 6 средновековни кули, во споредба со претходниот период кога биле 13 и може да се влезе во три од нив: Саат Кулата, Златковата и Симиќевата кула.

Од Саат Кулата има прекрасен поглед кон градот, а воедно е отворена за посетители кои можат да го испијат утринско кафе или чај на последниот кат и да уживаат во погледот на градот. Саат Кулата била изградена во 1372 година. Кулата е најпозната затоа што имала градски часовник што ги информирал луѓето колку е часот.

Златковата кула е најстара. Таа била изградена во 1365 година и беше реставрирана во 2015 година. Внатре во кулата може да се види изложба посветена на заштитникот на градот – Свети Ѓорѓи Кратовски.

Симиќевата кула е највисока. Последниот кат нуди интересен поглед на градот и на другите знаменитости како што е Ајдучката чаршија.



Слика број 5 - Една од кулите во Кратово

Во Кратово, првите споменици на културата, со кои се среќава секој посетител, а воедно, што привлекуваат внимание, се интересните мостови. Постојат 6 стари мостови – Грофчански, Чаршиски, Јорширски, Долноамамски, Аргулички мост и Радин Мост за кои постојат интересните легенди што кружат за нивното градење. Кратово е полно со легенди и приказни.



Слика број 6 - Еден од мостовите во Кратово

Кратово е познато по многу културни и верски манифестации  што се одржуваат во текот на цела година. Најпознати и редовно што се одржуваат се: Ден посветен на Свети Ѓорѓи Кратовски, патронен празник на градот кој се прославува на 24 февруари. Празникот е посетен од многубројни посетители од земјава и од странство, претставници на министерства, државни органи и странски делегации. Покрај одржување  богослужба, литургија во чест на Свети Ѓрорѓи Кратовски празникот е збогатен со културни и музички изведби на домашни и странски ансамбли; Европски фестивал на тамбурашки оркестри на кој учествуваат познати тамбурашки оркестри и поединци од Балканските земји и од Европа; Меѓународен Фестивал на Етно филмови на кој се прикажувааат краткометражни етно филмови, а учесниците се од повеќе европски земји и светот; Меѓународна ликовна колонија „Лазар

Софијанов“ каде што учествуваат млади сликарски таленти од Балканските земји; Ден на културата 10 јуни, традиционална културна манифестација со настап на поголем број КУД од земјата и странство; Традиционална  манифестација Компиријада, во октомври; На 6-ти сепември е ден на ослободување на Кратово, кога се отвора Изложба на дела на млади ликовни таленти; Меѓународна детска  Ликовна колонија; Новогодишен  концерт на КУД „Ефрем Каранов“- и  други КУД  од земјата и од странство; Традиционален Божиќен концерт во Мултимедијалниот центар Кратово, на 5-ти јануари и многу народни верски собири (собори) за празниците Богојавление, Свети Ѓорги Кратовски, Тодорица, Мал Спасовден –Свети  Спас Туралево, Дуовден, Света Тројца, Свети Цар Константин и царица Елена,  Свети Илија, Свети Јован Опсечен, Свети Јован Претеча, Света Петка, Свети Никола.

Кратово и неговата околина се богати и со природни и археолошки споменици.

Северозападно од градот Кратово, на оддалеченост од 8 км, се наоѓа една од најубавите природни реткости на Република Северна Македонија, локалитетот Куклица.

Оваа природна реткост е уметничко дело што е создавано пред повеќе од 50 000 години, по природен пат преку вертикална ерозија на меките вулкански карпи, што претставува редок случај во светот.  Локалитетот „Камени кукли“е комплекс на повеќе камени фигури каде природата направила ремек дела што ниту човечката фантазија не може да ги замисли.

Локалитетот е ставен на CDDA  листата (Основна база на податоци за заштитени подрачја) која што е поврзана со Европската агенција за животна средина и е класифицирана според IUCN во трета категорија како природен споменик (Natural monument/Natural Landmark) и е дел од Балканскиот зелен појас.

Основна вредност на ова природно добро е што претставува комплекс од зачувани гео-форми и е своевиден геоморфолошки споменик на природата со исклучително образовно, туристичко и културно значење.

Согласно Законот за заштита на природата Службен весник на РМ бр.67/2004, 14/2006 и бр.84/2007) локалитетот Куклица е прогласен за заштитено подрачје од трета категорија – споменик на природата.

Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со Законот за заштита на природата, изготви Закон за прогласување на локалитетот Куклица за заштитено подрачје во категоријата Споменик на природата. Собранието на Република Македонија донесе Закон, со што под правна заштита е ставен еден мошне важен геоморфолошки објект на природата во нашата земја.

Локалитетот Куклица е со непроценливо природно богатство, односно феномен во рамките на светските природни реткости.



Слика број 7 -Споменик на природата – Локалитет Камени Кукли – Куклица

Многу познато археолошко наоѓалиште во близина на Кратово е Транупара - Големо Градиште, во селото Коњух. Овој археолошки локалитет, исто така, познат како „Големо Градиште“, бил основан на крајот на V век или почетокот на VI век во провинцијата Дарданија во Источно Римско Царство. Големо Градиште е најголемиот и досега најдобро истражен град од VI век од новата ера во североисточниот дел на Македонија. На овој интересен локалитет, има остатоци од уникатна црква наречена Ротонда.



Слика број 8 -Поглед на кружниот свод на апсидата на Ротонда

Историјата на градот Кратово и неговата околина, отсекогаш била поврзана со рударството.

Низ годините многу култури поминале низ Кратово и оставиле многу работи за да сведочат за нивниот живот. Некогаш Кратово било дом на многу култури и религии – православни христијани, католици, Муслимани и Евреи.

Покрај културните и историските знаменитости, Кратово располага со прекрасни ридско планински предели, ловишта и резервати богати со разновиден дивеч и со развиен ловен туризам.

Низ Кратово, тече Крива Река, богата со флора и фауна што овозможува развиен рекреативен и спортски риболов.

Од спортски терени, во Кратово се наоѓаат Стадионот Градски стадион Мусала, Стадион на ФК Силекс, Тениско игралиште Царина, Градска спортска сала, Градски Базен, повеќенаменско спортско игралиште Лазинци во село Трновац и Спортско игралиште Сланушка во село Шлегово. Постои, исто така. едно Риболовно спортско друштво Клен, за речен риболов во Крива Река и Ловечко друштво Буковац, Кратово.

Општината Кратово засега има само патен сообраќај, со добро стоечка патна структура. До градот се доаѓа по автопат, а улиците во градот се тесни (автентични, со калдрма), но лесно проодливи поради ниската фрекфенција на сообраќај. До Споменикот на културата Куќата на Соколови, се доаѓа од предната страна на имотот, по тесна камена улица, која е проодна за автомобили, велосипеди и пешаци.

Во градот постои меѓуградска автобуска станица и такси служба.

Во непосредна близина на Кратово минува пругата во изградба Бељаковце – Ќустендил и Коридорот 8, како нераскинлива врска помеѓу истокот и западот.

Градот има општинска зграда, јавни и комунални претпријатија, здравствен дом, приватни ординации, аптеки, банки и други услужни дејности (занаетчиски работилници, сувенирници, фризери, автомеханичари, продавници за храна, бела техника, делови за кола, ИТ опрема и друго).




Слика број 9 – Сувенири од сувенирниците во Кратово

## 2. Развој, методологија и постапки за планот за управување со локалитетот на културно наследство

Културното наследство е категоризирано како подвижно и неподвижно.

Законот за заштита на културно наследство воспоставува протокол за сите засегнати страни вклучени во активностите за конзервација и управување со културното наследство.

Исто така, Законот за заштита на културно наследство предвидува изготвување План за управување со културно наследство што треба да соддржи предложени мерки и активности за заштита на културното наследство како и потенцијални фактори и ризици кои претставуваат ризик за културното наследство.

### 2.1. Извори на податоци

За развој на проектот може да се активираат неколку секторски политики за физичките културни ресурси. Подолу се дискутирани главните релевантни закони:

1. Закон за заштита на културно наследство консолидиран текст (“Службен Весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164 / 13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16)

2. Закон за ратификација на конвенција за заштита на не интелектуално културно наследство („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 59 од 12.05.2006)

3. Закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење („Службен весник на Република Македонија бр. 144/14“).

Според Член 2 од Законот за заштита на културно наследство на Република Македонија, културното наследство претставува вкупното материјално и иматеријално добра со археолошки, етнолошки, историски, уметнички, урбанистички, социјални и други научни вредности, содржини и функции и имат културна и историска важност и поради важноста се заштитени со законот.

Членот 4, Параграф 1 вели дека „основна цел на законот е заштита на културното наследство во изворна состојба“.Параграф 2 од Член 4 вели дека пронајдените предмети во текот на градежните работи треба да се предаваат до релевантните институции.

Членот 6 од Законот за културно наследства наведува дека „ако во текот на градежните работи се откриваат археолошки пронајдоци, контракторот/инвеститорот должен е во рок од 3 дена да достави извештај до одговорната институција во согласност со Член 129 од Законот за заштита на културно наследство“. Исто така, конструкторот е должен да ги запре сите градежни работи.

Член 1 од Закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење (Службен весник на Република Македонија бр. 144/14) вели:

(1) Старото градско јадро на Кратово, кое претставува споменична целина, се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија – големо значење.

(2) Со прогласувањето на споменичната целина „Старо градско јадро на Кратово’’ за културно наследство од особено значење, се овозможува: - трајно зачувување на историските, уметничките, архитектонските, урбанистичките, етнолошките и социолошките вредности, како и автентичноста, единственоста, разновидноста, интегралноста, зачуваноста и староста и други својства и содржини,; - создавање поволни услови за опстанок и задржување на интегритетот на сите податоци што ги носи во себе како сведоштво; - ширење сознанија за неговите вредности, значење и улога во културната идентификација; - оспособување да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, економските, туристичките и другите потреби на граѓаните; - спречување дејства, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување или деградирање. Службен весник на РМ, бр. 144 од 30.09.2014 година 2 од 10

(3) Споменичната целина „Старо градско јадро на Кратово'', настаната во периодот на средновековието и со континуиран развој до XXI век, како културно наследство од особено значење е добро од општ интерес за Република Северна Македонија и ужива посебна заштита во согласност со овој закон и со Законот за заштита на културното наследство и со друг закон.

**Оперативен План 4.11од Светска Банка за Физички и културни вредности**

Овој план има за цел да ги поддржи земјите во избегнување или ублажување на негативните ефекти врз физичките културни вредности во текот на развојот на проектите финансирани од Светска Банка. Исто така, наведува дека ефектите врз физичките културни ресурси што произлегуваат од проектните активности вклучувајќи ги и мерките за ублажување може да не ги земаат предвид или националната легислативи или обврските од релевентните меѓународни догорори.

Параграф 9 обезбедува водич за изготвување на планови за управување на физички културни ресурси.

### 2.2. Јавни консултации

Планот за управување со локалитетот на културно наследство е дел од Планот за управување со животна средина (ПУЖС) што е изготвен за предвидените активности во рамките на проектот "Куќата на Соколови". ПУЖС претставува опис на проектот, технички детали, подрачјето и локацијата, врз основа на кои ги оценува ризиците за животна и социјална средина како и ризиците поврзани со неподвижно културно наследство. Имплементацијата на мерките за ублажување и мониторинг кои ги идентификуваат утврдените ризици и прашања во ПУЖС е задолжително.

Изготвениот ПУЛКН треба јавно да се консултира пред финално одобрение на подгрантот. Откако ПУЛКН е одобрен од Специалистот на ЕСП и Специалистот од Светска Банка, ќе биде објавен на веб страната на ЕСП, Агенција за промовирање и поддршка на туризмот и на веб страната на Општина Кратово, каде ќе биде достапен за јавна дебата најмалку 14 дена.

Печатена форма ќе биде достапна во ЕСП и во Општина Кратово. Состанокот за јавна дебата е планирано да се оддржи во Општина Кратово при крај на периодот за консултации, во средината на април[2].

---

[2]Планираниот термин за спроведување на јавната дебата е средината на месец април. Поради сегашната вонредна состојба во врска со КОВИД 19, кога се спроведуваат мерки за неодржување на состаноци, возможно е да нема услови за спроведување на јавната расправа во таков облик (директен контакт).

Активно, Апликантот информира и ги повика засегнатите страни вклучувајќи ги локалните НВО и сите засегнати страни. Доставените важни коментари, како и коментарите од јавната дебата ќе се вклучат во финалната верзија на ПУЛКН и ќе бидат вклучени во Извештајот од јавната дебата, заедно со Листа на поканети и присутни, кои ќе бидат дел од финалната верзија на ПУЛКН.

ПУЛКН треба да биде јавно консултиран на македонски, англиски и албански јазик.

Спроведувањето на ПУЖС и ПУЛКН обезбедуваат навремено преземање на предложени мерки и придонесуваат за спроведување на проектните активности без суштински ефекти врз животната средина и ЛКН.

Здружението Куќата на Соколови изготви подпроект за санација и уредување на Споменикот на културата Куќата на Соколови, што предвидува неколку градежни активности: електрична инсталација, приклучок на водоводна мрежа и канализација, санација на фасада, санација на кров, санација на подови, санација на подрумски простории со камен, адаптација на бања, ѕидање потпорен ѕид со камен, средување на двор и опремување на кујна и спални соби. Проектот предвидува употреба на природен камен за дворот, ѕидот и подрмот, адекватен на постојниот, како и дрвени конструкции (греди, лајсни, дрвени опшивки).



Слика број 10 - Чардак гледан од внатре-сегашна состојба (потребна санација и внатрешно уредување)

Со овој подпроект се комплетира внатрешното уредување на куќата, се уредува дворот, се поправа главната капија со цел куќата да биде во состојба за употреба, односно се врши намена за преноќиште и се промовира како куќа Споменик на културата.



Слика број 11 - Сегашна состојба (потребна санација) Влезна дрвена капија

За реализација на наведените активности во подпроектот, според конзерваторсктие услови издадени од Национална Установа – Национален Конзерваторски Центар – Скопје, се предвидувааат низа насоки и мерки штоќе се почитуваат од страна на градежните изведувачи и тоа под двоен надзор.

Под надзор за градежните работи и под надзор за заштитно конзерваторските работи.

Пред почетокот на градба, се обезбедени сите потребни дозволи за градба на културни споменици, конкретно сѐ она што го бара режимот на заштита на старото градско јадро на Кратово, а што е наведено во Извештај од стручен тим за утврдување заштитно конзерваторски услови за објектот на Ул. Митко Каленински бр. 5, КП 1348, КО Кратово.

**2.3. Фази на развој на ПУКН**

ПУЛКН ќе биде јавно достапен и издаден на македонски, англиски и албански јазик. Реализацијата на ПУЖС и ПУЛКН обезбедуваат навремено преземање на потребните мерки и придонесуваат за реализацијата на проектните активности без значителни влијанија врз животната средина или културното наследство.

**2.3.1. Анализи**

Проектот предвидува санација на дворот, на влезната капија, на подрумот и внатрешно автентично уредување со опремување, со што се задржува и потенцира автетичниот лик на Куќата на Соколови, односно староградската архитектура на град Кратово од 19 век.

Предвидените активности за санација на куќата споменик, нејзиното уредување и давање нова намена, потенцијално може да влијаат врз физичките културни ресурси.

Поради овие причини, планот предвидува заштита, отстранување или намалување на ефектите од активностите врз физичките културниресурси во согласнот со Законот за заштита на културно наследство и со ОП4.11 од Светска Банка.

Институции одговорни за спроведување, управување и администрирање со Планот за управување со културно наследство се Министерството за Култура на Република Северна Македонија и Управа за заштита на културно наследство како институција во рамките на Министерството за Култура. Тие се одговорни за заштита на недвижното и движното културно наследство во Македонија.

Управата за заштита на културно наследство и Националната Установа Национален Конзерваторски Центар – Скопје соработуваат во врска со конзервација и развој на културно наследство, во однос на законските надлежности и да изведуват и вршат функции во врска со конзервација и пристап до културното наследство.

Во согласност со Законот за културно наследство, општините се одговорни да донесат и усвојуваат урбанистички планови за наведените катастарски парцели, што се изготвуваат врз конзерваторските

основи издадени од одговорните институции за заштита на културното наследство.

Здружението Куќата на Соколови, е одговорно за целосно спроведување на подпроектот Куќата на Соколови, во соработка со Национална Институција Национален Конзерваторски Центар Скопје и Управата за заштита на културно наследство во Македонија.

Предложените активности во подпроектот нема да предизвикуваат промени во културното наследство.

Законот за заштита на културно наследство предвидува изготвување заштитни конзерваторски основи како дел на техничка документација. Конзерваторските услови соддржат текстуална, графички и документарна презентација на недвижните споменици на културата и обезбедуваат релевантни информации за планирање и регулирање на заштитеното културно подрачје.

### 2.3.2. Поставување цели

Целта на Планот за управување со културно наследство е заштита, отстранување и намалување на негативните ефекти врз културното наследство во согласност со Законот за заштита на културно наследство на Република Северна Македонија. Неговата улога е да истакне како ќе се управува со физичкото и културното наследство, со цел да се обезбедат конзерваторски услови во текот на развојот на проектот, посебно во текот на дизајнирањето, конструкциската и оперативната фаза.

Придобивките на проектот се промоција на руралниот туризам во Општина Кратово преку санација и адаптација на автентичната кратовска архитектура како пренoќиште.

### 2.3.3. Развој на акциските планови

ПУЛКН е подготвен за предвидените активности во рамките на потпроектот „Куќата на Соколови“, реализиран во рамки на ПЛРК. Овој план е значаен дел на Планот за управување со животната средина (ПУЖС) на потпроектот, како што е споменато погоре.

Дополнителни проверки на ПУЛКН ќе бидат вршени по реализацијата на секоја од клучните фази на активностите што ќе се спроведуваат во ЛКН Споменик на културата Куќата на Соколови, како и пред започнувањето со идни интервенции на локалитетот.

## 3. Моментални услови и потенцијал за развој на ЛКН

Како што беше нагласено погоре, градот Кратово и неговото централно градско јадро се своевиден споменик на културата од средниот век и заштитени се со посебен закон под наслов Закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење („Службен весник на Република Македонија бр. 144/14).

Воедно, во делот за социо економското опкрушување, објаснето е кои други култуни споменици се наоѓаат во самиот град, но и во околината на градот, а претставуваат локалитети на културно и природно наследство.

Сите наведени факти, односно богатството на голем број споменици на културата заштитени со закон, кои на мала површина се во значителен број, претставуваат еминентна подлога за развој и потенцијал на ЛКН Куќата на Соколови, која пак, од своја страна, се наоѓа токму во централното јадро на градот Кратово.

Градот Кратово, а воедно и ЛКН Куќата на Соколови, се промовира како град од 21 век, кој претставува слика на средновековен град на просториите на Балканот.

### 3.1. Чување на локалитетот на културно наследство

Куќата на Соколови е една од неколкуте сочувани куќи во Кратово, кои се прогласени за Споменици на културата.

Таа е сочувана во оригиналната состојба и ги има задржано вредностите заради кои била прогласена за споменик на културата.

Поседува карактеристична архитектура од 19 век со комбинација на камена градба и бондручна конструкција, која пак прекрасно е вткаена во карпестата конфигурација на теренот.

Текстурата и бојата на камениот ѕид на подрумот и катот го потенцираат конзолно издадениот кат со бондручна конструкција и бело малтерисани фасади.

Функционалната шема е асиметрична со разгранет чардак и сочуван ентериер.

За имплементирање на подпроектот, потребната документација е подготовена и од одговорните институции е добиено одобрение за конзервација, реставрација и адаптација на Куќата на Соколови, според основниот градежен проект, доставен за реализација на предвидените активности.

Состојбата со ЛКН Куќата на Соколови е во состојба на потребна санација и адаптација. Со овој подпроект, се реализираат следниве активности:

1. ЛКН поседува основна електрична и водоводна мрежа.

Електричната мрежа е слабострујна. Проектните активности предвидуваат електрична инсталација со внатрешно и надворешно осветлување, односно промена на слабострујната електрична инсталација во објектот со вградување на нови проводници и приклучоци.

2. Водоводната мрежа е спроведена во дворот. Со реализација на овој подпроект, водоводот се спроведува и во самата куќа, за потребите на кујната и купатилото. Објектот се приклучува на водоводна мрежа со изработка на водомерна шахта, а внатрешно, се изработува водоводна мрежа во бања за ладна и топла вода, цевки, спојници и фитинзи комплет пуштени под притисок. Бањата и тоалетот ќе бидат комплетирани со санитарии (поставување на еструдиран полиестерен, изработка на цементна кошулка, изработка на подна хидроизолација на цеменна основа – хидромал флекс во три слоја со премачкување на ѕидови до Н-30 цм, изработка на преграда со дрвени столбови 10/10/265 и дрвена даска за облога Д=2.4цм, монтажа на дрвена столарија во бања со исполна на термопан стакло 4+16+4 комплет со оков отварање по шема прозор 80/60, монтажа на спуштен плафон од водоотпорн ГКП Д= 1.25, поставување на керамички плочки Д=1 х 30/30цм – подни = 5м2 и ѕидни = 24м2, набавка на санитарна опрема со монтажа во бања: бојлер 50л, мијалник 45/60 комплет со сифон, еднорачна стоечка батерија, ВЦ шоља комплет со капак и казанче, туш батерија со механизам за закачување, сифон за туш када вграден 60цм, поден сифон, ќош лајсна алуминиумска 2.5м).

3. Објектот се приклучува на канализациона мрежа комплет со изработка на шахта.

4. Санација на фасада на чардак со поставување скеле и замена на дотраена дрвена даска како постојната комплет со дрвени опшивки околу прозорите со премаз од надворешни влијанија, монтажа на дрвени лајсни за завршна обработка на фасада заштитени со премаз од надворешни влијанија, монтажа на дрвени облоги на фасада со димензии како постоечките греди 8/8 цм на растојание од 60цм и дрвена облога од даска 12/2.4цм комплет со дрвени опшивни лајсни, опшивни на влез во подрум на плафонска конструкција со аква плочи на метална подконструкција со завршна обработка на дрвена даска премачкана со средство за заштита од надворешни влијанија

5. Санација на кров со поставување олуци **-** Поставување комплет термоизолација над дрвена плафонска конструкција, Набавка и монтажа на хоризонтални и вертикални олуци од пластифициран челичен лим д = 0.6мм боја кафеава комплет со држачи

6. Подови - Стружење на постојана дрвена подна облога во три простории и чардак и лакирање на истата во два слоја

7. Молерски работи **-** Стружење на постојана дрвена таваница и премачкување со заштитно средство,

глетување и бојадисување со водоотпорен ГКП во бања, санирање на ѕидна површина од пукнатини и отвори на оџаци со мрежа, лепак или глет маса, санирање на ѕидна површина со предходно рушење на дотраен малтер, поставување на мрежа и лепак и покривање на површината со декоративен бел малтер на гипсана основа.

8. Браварски работи - Поправка и санација на постојни дрвени врати комплет со замена на оков и брави, изработка на ограда од ковано железо, комплет со спојни елементи и ракохват од дрво, изработка на ограда на подрумски скали, изработка на ограда на парапетни камени потпорни ѕидови.

9. Гипсарски работи - Монтирање на спуштен плафон од ГКП Д=1.25 на метална подконструкција со бандажирање на слоеви и исполна на камена волна д=10цм во подрум, монтирање на спуштен плафон од аква панел плочи д=1.25 на метална подконструкција, бандажирање на слоеви и исполна на камена волна д=10цм во еркери комплет со опшивање на дрвена штица.

10. Ѕидање потпорен ѕид со камен - Ископ на земја со темелно кршење на камена подлога за темелна трака со ширина 50цм Н – 60цм, ѕидање на потпорен парапетен ѕид во дворно место од камен во цементен малтер од Д=35цм, фугирање на ѕид од камен со цементен малтер со завршна обработка на парапетот, ѕидање на традиционална фурна 60/90/180 комплет со оџак со надворешна обработка на каменот со цементен малтер.

11. Урбана опрема во двор - Набавка на трпезариска дрвена маса 200/90, набавка на дрвени столици со наслон 50/50/80, набавка на дрвени корпи за отпадоци со метална канта 40/40/70, поставување дрвена пергола со дрвени столбови и греди со спојни средства и метални анкери.

12. Набавка и монтажа на клима уреди - Набавка и монтажа на клима уреди од надворешна и внатрешна страна комплет со метални држачи, со што се регулира системот на греење и ладење во зимскиот и летниот период.

13. Опремување на внатрешен простор -Единечен кревет од дрвен оквир со душек 200/100, Двоен кревет од дрвен оквир со душек 200/160, двојна софа за развлекување 140/90, дрвена клуб масичка 40/90, натказна 40/40/60, столна лампа, дрвени плакари 60/90/200, дрвена софа обложена со сунѓери перница на чардак 70/200/90, столна лампа стоечка за во чардак, клуб маса ф 60 со две столици, дрвена трпезариска маса 200/90 со 6 столици, ТВ приемник 40 цм екран – 3 ТВ.

14. Опремување на кујна комплет - Изработка на кујна од корпус оплеменета иверка со Н – 85 со дрвени челни врати и дрвена плотна 4цм, должина 4м 1 комплет со висечки елементи од корпус оплеменета иверка со челни врати дрвени Н – 80цм.

15. Апарати за домаќинство - Кујнски садопер со еден отвор мин. 60цм со кујнска чешма и сифон,

машина за миење садови комплет со приклучоци мин. 60цм, фрижидер мин 60/60/180цм, вградна рамна плоча комплет со вградна фурна, аспиратор со приклучни црева мин.60цм, апарат за кафе, микровална печка, тостер, бокал за топла вода, кујнски прибор за готвење и послужување.

16. Подрумски простории - Рачен ископ на земја и шут од подрумска просторија во слој од 20цм и транспортирање во депонија, насипување на песок во слој од 15цм и набивање на истиот, изработка на под од кршен камен со заливање на фугите со цементна кошулица, санирање на скали и подес на влез во подрум и влез на објект со фугирање, монтажа на дрвена столарија во подрум со исполна на термопан стакло на прозори, набавка и монтажа на дрвена врата во подрум комплет со оков и брава.

17. Средување на дворот и поправка на главна капија - Чистење на дворот од шут и исфрлање во депонија, чистење на дворна тераса од грмушки и ифрлање во депонија, чистење на пристапни патеки од кршен камен во дворот, демонтажа на искршена ќерамида и исфрлање во депонија, демонтажа на постојна дрвена конструкција на настрешница на капија, изработка и монтажа на дрвена конструкција на настрешница на капија, набавка и монтажа на ќерамида како постојана на објектот, санирање на постојана дрвена врата на капија, лакирање, промена на оков и брава, обложување на ѕид спрема сосед со кршен камен со двокомпонентен лепак, фугирање на цементна основа.

18. Чистење на објектот - Чистење на објектот од шут, рачен утовар и одвоз до градската депонија.

Здружението Куќата на Соколови ги презема сите потребни мерки за да обезбеди заштита на Споменикот на културата заведен под регистарски број 348 во НУКЦС Во периодот на спроведување на подпроектот, но и понатаму, ќе се избегнуваат сите штети. Евентуално и случајно оштетување на објектот кој е индивидуално заштитен како Споменик на културата не е можно.

### 3.2. Употреба на локалитетот на културно наследство

Градот Кратово е еден од најстарите градови на Балканот кој датира уште од VI век пред нашата ера. Како резултат на повеќе цивилизации и култури коишто минале низ него, во својата многувековна историја градот располага со древни архитектонски споменици, археолошки наоѓалишта и природни локалитети кои имаат посебна, односно уникатна културна и туристичка вредност.

Поради овие причини, во 2014 година, Владата на РМ донесе Закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење („Службен весник на Република Македонија бр.144/14).

Старото градско јадро на Кратово е категоризирано како културно наследство од особено значење.

Тоа е идентификувано како физичко културно наследство и заштитено со Закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење. Со тоа се спречуваат активности и ефекти кои можат да наштетат и да го деградират културниот монумент и сеобезбедува презервација на нејзините историски, уметнички и културни вредности.

Ваквите вредности што ги нуди градот Кратово и неговата околината се извонреден потенцијал што се совпаѓа со целите и потребите на повикот со кои се задоволуваат очекувањата за развој на туризмот.

Во градот Кратово не постои доволно поддршка на граѓанското општенство за развивање модели за мобилизирање туристички локални ресурси што ќе донесат просперитет на граѓаните, локалните институции и бизнис секторот.

Потребно е да се изградат локални туристички програми за реализирање заеднички цели во интерес на заедницата, како и да се развива културниот и другите видови туризам.

Преку овој проект здружението „Куќата на Соколови“ има цел да обезбеди квалитетен автентичен старoградски стил на сместувачки капацитети што ги задоволуваат потребите на туристичкиот пазар.

Куќата на Соколови ја краси изгледот на типична македонска куќа со староградска архитектура.

Поради местоположбата на куќата која се наоѓа во непосредна близина на црквата „Св.Јован Опсечен“ помеѓу тесните сокаци со исклучително импозантна глетка на „Манцева река“ и природниот амбиент од планината Баба, таа е голем предизвик за туристите кои појавуваат се поголем интерес за сместување во куќи од таков вид.

Во моментот куќата на Соколви располага со дворна површина и внатрешен простор за користење на 3 соби (2 спални, 1 кујна), внатрешен чардак и подрум.

Изградена е од камен и плитар со дрвена конструкција што и овозможуваат голема еластичност и цврстина. Внатрешноста на куќата е посебна.Таваните на собите се украсени со дрвени декоративни елементи, има засебна просторија за готвење храна, соба со огниште и парна бања, спална соба и чардак опкружен со миндери.

Нејзината автентичност се дополнува со фактот дека куќата е изградена на карпа, со комбинирана камена градба и бондурична конструкција.

Подпроектот има цел да го надмине недоволниот квалитет на понудените туристички услуги и ниската посетеност во Кратово што е резултат на слаб маркетинг и недоволна екипираност на сместувачки капацитети.

Подпроектот, дополнително дава значење за атрактивноста и вредностите на Куќата на Соколови која ќе придонесува за долгорочна одржливостна овој Споменик на културата.

Преку активностите во подпроектот, се подига свеста за важноста на воведување афтентични и традиционални туристички понуди, се воспоставува одржлив развој на туризмот преку впечатлива и атрактивна туристичка дестинација, се евидентира културното и традиционално наследство на градот Кратово и се зголемува афирмацијата и искористеноста на старите македонски архитектонски споменици.

**3.3. Човечки капацитети на локалитетот на културно наследство**

ЛКН Куќата на Соколови е објект со мал капацитет, каде што опслужувањето на посетителите е предвидено да го врши едно вработено лице, кое воедно ќе биде задолжено да се грижи за функционирање на објектот во неговата намена и едно лице менаџер на објектот, што ќе врши задачи како што се: управување, маркетинг, брендирање и обезбедување посетители.

Вонредно ангажирани лица ќе бидат туристички водичи, како дел од организираните туристички тури.

Волонтерите се дел од Здружението, кои придонесуваат во развојот и развивањето на различните акции и активности што ги спроведува здружението Куќата на Соколови, а се однесуваат на актуелизирање на културниот, етно, планински и друг тип на туризам, карактеристичен за градот Кратово и неговата околина.

Тука, ставаме печат на волонтери, средношколци, ученици од туристичкиот смер во градот Кратово.

**3.4. Управување со посетители**

Планирани корисници на ЛКН се домашни туристи, странски туристи, даватели на туристички услуги (сопственици на сместувачки капацитети и угостителски објекти), граѓански организации, институции на системот во РСМ, локално население, локалната самоуправа, бизнис секторот, туристички агенции.

Со реализација на подпроектот се придонесува во исполнување на локалните туристички планови и програми што се однесуваат на потребата од спроведување активности и прашања од интерес за промоција на природните и културни вредности што се од национално и меѓународно значење, како и влијанието врз интегритетот и туристичкиот развој на градот Кратово и регионот.

Капацитетот на ЛКН Куќата на Соколови е мал. Максимален број на посетители во улога на лица кои пренокуваат е 8 лица.

Дневна посета на објектот, на лица кои не пренокуваат, а се во улога на посетители на објектот како Споменик на природата, може да варира од една до повеќе организирани групи.

Групите може да бројат од 5 до 25 лица. По договор со туристичките водичи, посетата на споменикот на културата може да биде и индивидуална.

ЛКН Споменикот на културата Куќата на Соколови, ќе биде ставена како составен дел на туристичките тури во Кратово, со цел приказ на архитектонска куќа од 19 век, ѕидана на карпа.

Воедно, уредувањето на дворот, треба да придонесе за одмор на посетителите, кои ќе бидат послужени со освежителни пијалоци и закуска, додека уживаат во погледот на прекрасната природа што ја дава/нуди планината Баба.

Чардакот, кој за оваа куќа е карактеристично поставен во внатрешноста на куќата и е затворен, нуди неверојатна глетка кон Манцина Река и е восхитувачки поради смелоста на тогашните градители да изведат градба на карпа.

Максималниот капацитет на прием на групи гости на дневно ниво, во сезона, може да се движи до 75 лица (3 групи по 25 лица максимум).

Во соработка со Музејот на град Кратово, се планира да се презентираат експонати на предмети од 19 век, што би ја зголемиле заинтересираноста на посетителите и атрактивноста на објектот, а ќе бидат поставени со заштита (фотографии, куќни предмети за домаќинство, предмети за животни, за сточарство и за подготовка на вино).

Во соработка со сувенирниците, се планира продажба на сувенири што ќе бидат поставени на полици.

**3.5. Безбедност на локалитетот на културно наследство**

Како што беше напоменато во точка 3.4. погоре, максималниот капацитет на прием на групи гости во сезона може да се движи до 75 лица на дневно ниво.

Таквиот капацитет не ја оптоварува евентуалната потреба од итно справување со ситуации од елементарни непогоди.

Заштитата од непогоди ќе биде осигурана со противпожарен апарат, противгромовна заштита и осигурување на објектот.

Културните експонати се поставуваат според стандардите поставени од Музејот на културата на град Кратово и

Безбедноста на работниците, за време на изведбите во периодот на санација и реставрација, е

обезбедена според стандардите што ги одредуваат Законите за градба и за заштита на културно наследство, што претставуваат дел од пропишаните обврски на одобрените планови за градба, под јуриздикција на НУКЦС и други институции на системот.

### 3.6. Систем на управување со локалитетот на културно наследство

Како што беше напоменато во точките 3.3. и 3.4. погоре, капацитетот на ЛКН Куќата на Соколови е мал, што самото по себе рефлектира мал обем на вработени лица.

Хиерархиската шема е следна:

Менаџер на објектот – 1 лице,

Техничко лице/домаќин на објектот – 1 лице,

Волонтери – 1 до 10 лица.

### 3.7. Финансирање на локалитетот на културно наследство

По завршување на проектот долгорочното влијание, односно финансирање, од неговата реализација, се остварува на повеќе начини и тоа преку: Зачестена комуникација на конституентите со туристичките асоцијации, подобрување на квантитетот и квалитетот на туристичките капацитети и реализирање на туристички програми, Учество на веб страната и социјалните мрежи на кои има голем број заинтересирани туристи, презентација на туристичкиот потенцијал во Кратово на ТВ емисии, објавување статии во печатени и електронски медиуми.

Се очекува зголемена потрошувачка на туристите преку: зголемена информираност и свесност на давателите на туристичките и други услуги, придобивките од воведувањето на автентичниот традиционален рурален туризам, стандарди за квалитет, гостопримство и културно однесување.

Зголемениот број туристи, пред се, се очекува поради креирањето на посеопфатен и посистематски проток на информации.

Интерактивната комуникација преку веб страната на Куќата на Соколови и промотивниот материјал, придонесува за континуирана афирмација на Споменикот на културата, а со тоа се афирмира и автентичниот традиционален рурален туризам што предизвикува голем интерес кај одделен број туристи кои се сè почести гости во Кратово и околината.

Деловната соработка, пред се, ќе биде остварена преку веб страната креирана за промоција на куќата на Соколови и знаменитостите во општината Кратово, а воедно и со индивидуален ангажман

на менаџерот, со туристичките агенции и туристичките водичи.

Покрај сместувањето во куќата на Соколови туристите имаат можност да ги посетат и останатите туристички дестинации во градот Кратово и околината при што бизнис секторот од различни дејности и локалните даватели на услуги имаат личен финансиски бенефит.

Печатењето промотивен материјал, мапи од градот Кратово и маркентишки активности од околните атрактивни локалитети го зголемува интересот на домашни и на странски посетители не само за самиот објект туку и за сите атрактивни локации што ги нуди овој регион.

Куќата на Соколови претставува своевиден споменик на културата ставена под заштита на Управата за заштита на културното наследство на Република Македонија, а градот Кратово е именуван како Музеј на отворено.

Се нуди сместување различно од стандардното хотелско сместувње во автентична Кратовска куќа од 19 век, која сепак нуди удобност и ги задоволува сите потреби на современите туристи.

Преку адаптацијата на Куќата на Соколови за туристички цели, која ги задоволуваи потребите на туристите се овозможува зголемена посета со што нашето Здружение ќе остварува средства преку следниве активности за да може да биде одржливо:

- Организирање на постојана водичка служба која ќе биде во функција на здружението;
- Услужна дејност (ангажирање локални вршители на услуги во подготвување домашни јадења и специјалитети);
- Продажба на производи од локално производство (мед, слатко, џем, сок и сл.);
- Наплата на преноќиште;
- Одржување веб страница на Здружението преку реклами од локалните компании во општина Кратово и регионот;
- Наплата за издавање простор за одржување обуки, семинари, работилници во автентичен амбиент;
- Адаптација на подрумот во вински подрум со трпезарија и дегустација на вина.

## 4. Цели на Планот за управување со локалитетот на културно наследство

Севкупната цел на ПУЛКН е да постави рамка за заштита, конзервација и управување со ЛКН Куќата на Соколови, со која треба да се покријат законските норми и инволвираат засегнатите страни за негова реализација, но и да се обезбеди заштита на одликите и вредностите на ЛКН.

Овој план е дел од Планот за управување со животна средина (ПУЖС). Неговата улога е да истакне како ќе се управува со физичкото и културното наследство, со цел да се обезбедат конзерваторски услови во текот на развојот на проектот, посебно во текот на дизајнирањето, конструкциската и оперативната фаза.

Можност за археолошко пронаоѓање во текот на спроведување на проектот, е земена во предвид преку почитување на член 6 од Законот за културно наследство, кој наведува дека „ако во текот на градежните работи се откриваат археолошки пронајдоци, контракторот/инвеститорот должен е во рок од 3 дена да достави извештај до одговорната институција во согласност со Член 129 од Законот за заштита на културно наследство. Исто така, конструкторот е должен да ги запре сите градежни работи".

Целта на ПУЛКН е заштита, елиминација и намалување на негативните влијанија врз локалитетот на културното наследство Куќата на Соколови, како споменик на културата, во старото градско јадро на градот Кратово, во согласност со политиките на Светска Банка и законските регулативи за идентификувано физичко културно наследство, поврзани со Законот за заштита на културното наследство на Република Северна Македонија.

Специфични цели:

- санација и уредување на Споменикот на културата Куќата на Соколови;
- давање нова намена на објектот, што потенцијално може да влијае врз физичките културни ресурси;
- заштита, отстранување и намалување на ефектите од активностите врз физичките културни ресурси во согласнот со Законот за заштита на културно наследство и со ОП4.11 од Светска Банка;
- обезбедување пристап за посетители;
- одржлив развој на ЛКН;
- утврдување на задолжителни мерки за ублажување на ризиците од проектот врз културното наследство и
- план за воведување на стандарди за квалитет.

## 5. Акциони планови на ЛКН

### 5.1. План за конзервација

Активностите за конзервација и реконструкција на ЛКН Куќата на Соколови, се поделени во неколку главни чекори, како што следи:

1. Изведување согласно проектната документација одобрена од одговорните институции како што се: Национална Установа Конзерваторски Центар – Скопје, Министерство за Култура (Управа за заштита на културно наследство), Општина Кратово;

2. Употреба на соодветно дрво за столарија наместо метал и алуминиум и санирање на постоечките профили/греди согласно конзерваторските услови одобрени од Управа за заштита на културно наследство;

3. Создавање поволни услови за оддржување на интегритетот на објектот согласно конзерваторските услови издадени од Нацинална Установа Конзерваторски Центар;

4. Усогласување на изгледот, бојата и другите параметри за објектите што се конзервираат со постоечката автетична документација и

5. Спроведување на Плановите за Животна Средина, Социјални аспекти и Културно наследство.

Спроведувањето на ПУЖС и ПУЛКН ќе се реализираат преку подготвителни работи и работни активности за конзервација, реконструкција и внатрешно уредување (расчистување на теренот во и околу локалитетот пред отпочнување на градежни интервенции; оформување на патека за транспорт на материјали; подготовка на простор за складирање на материјалите; отстранување на вегетација од бедемските ѕидови и санација на секој нивен сегмент поединечно; молерски работи, санација на фасада и кров, гипсарски работи, браварски работи, водоводна и електрична инсталација, подови, внатрешно уредување, санација и урбано уредување на дворната површина);

Реализацијата на горенаведените чекори во фазите на конзервција и реконструкција на ЛКН ќе биде извршена во согласност со одредбите, утврдени во тековниот ПУЛКН.

### 5.2. Културна и економска валоризација на планот

Како дел од Активностите за конзервација и реконструкција на ЛКН Куќата на Соколови активности/проекти ќе бидат преземни следниве чекори, со цел да се обнови, зачува и подобри целокупниот пристап до споменикот на културата:

Чекор 1. Конзервација и реконструкција на дворната површина и поправка на главна капија (Чистење на дворот од шут и исфрлање во депонија, чистење на дворна тераса од грмушки и ифрлање во депонија, чистење на пристапни патеки од кршен камен во дворот, демонтажа на искршена ќерамида и на постојна дрвена конструкција на настрешница на капија, изработка и монтажа на дрвена конструкција на настрешница на капија, санирање на постојана дрвена врата на капија, обложување на ѕид спрема сосед со кршен камен, ѕидање потпорен ѕид со камен, ѕидање на потпорен парапетен ѕид во дворно место од камен во цементен малтер, фугирање на ѕид од камен со цементен малтер, ѕидање на традиционална фурна со оџак со надворешна обработка на каменот со цементен малтер).

Чекор 2. Спроведување на водовод, електрична инсталација и канализација

Чекор 3. Санација на подрумски простории (рачен ископ на земја и шут, насипување на песок и набивање на истиот, изработка на под од кршен камен, санирање на скали и подес на влез во подрум и влез на објект, монтажа на дрвена столарија во подрум монтажа на дрвена врата со оков и брава);

Чекор 4. Конзервација и реконструкција на чардак (замена на дотраена дрвена даска како постојната комплет со дрвени опшивки околу прозорите со премаз од надворешни влијанија, монтажа на дрвени лајсни за завршна обработка на фасада, монтажа на дрвени облоги на фасада, опшивки на влез во подрум на плафонска конструкција со аква плочи на метална подконструкција со завршна обработка на дрвена даска премачкана со средство за заштита од надворешни влијанија)

Чекор 5. Конзервација и реконструкција на кров со поставување олуци (поставување комплет термоизолација над дрвена плафонска конструкција, Набавка и монтажа на хоризонтални и вертикални олуци )

Чекор 6. Молерски, гипсарски и браварски активности (молерски работи- стружење на постојана дрвена таваница, глетување и бојадисување со водоотпорен ГКП во бања, санирање на ѕидна површина од пукнатини и отвори на оџаци, санирање на ѕидна површина, покривање на површината со декоративен бел малтер на гипсана основа; браварски работи - Поправка и санација на постојни дрвени врати комплет со замена на оков и брави, изработка на ограда од ковано железо, изработка на ограда на подрумски скали, изработка на ограда на парапетни камени потпорни ѕидови; гипсарски работи - монтирање на спуштен плафон, монтирање на спуштен плафон на метална подконструкција со опшивање на дрвена штица)

Чекор 7. Санација на тоалетни простории

Чекор 8. Внатрешно, интериерно уредување на ЛКН (опремување на внатрешен простор –кревети,

двојна софа за развлекување, дрвена клуб масичка, натказна, столна лампа, дрвени плакари, дрвена софа за чардак, столна лампа стоечка за во чардак, клуб маса со две столици, дрвена трпезариска маса со 6 столици, ТВ приемник – 3 ТВ; Опремување на кујна комплет; апарати за домаќинство)

Чекор 8. Осветлување на објектот

Чекор 9. Урбано уредување на дворот

Чекор 10. Чистење на објектот од шут, рачен утовар и одвоз до градската депонија.

Сите работи за реконструкција, реставрација и конзервација што се планираат во рамките на овој проект со димензии, материјалите што ќе се користат и потеклото на материјали се вклучени во техничката документација на проектот[3] и се во согласност со правната регулатива, вклучувајќи ги потребните дозволи за вршење работи на непосредна заштита на споменикот на културата, како и вклучување на постојан конзерваторски надзор за време на реализација на предвидените активности на локалитетот од надлежната институција Националната установа Конзерваторки центар – Скопје.

### 5.3 План за управување со посетители

Главната цел на Планот за управување со посетители (ПУП) е да им овозможи на посетителите на ЛКН Куќата на Соколови подобро искуство, безбедност и сигурност, како и подобар пристап до локалитетот и да придонесе за одржливиот развој на туризмот во Кратово.

ПУП претставува составен дел на ПУЛКН на ЛКН Куќата на Соколови и ги прикажува клучните аспекти поврзани со управувањето со посетители.

ПУП ги следни следниве принципи:

-пристап за сите, - управување со безбедноста на посетителите, - информации и свест, - согласност со регулативите во полето на културно наследство и управување со ЛКН, - поддршка на помошни и надворешни активности (тури, посети, ноќевање, експонати, ликовни колонии и изложби итн.), - поттикнување волонтеризам и учество на заедницата.

Официјалните работни часови на ЛКН ќе бидат следните:

Летно време, од мај до септември, просториите за групни посетители ќе бидат отворени од 10 до 18 часот.

---

[3]**Референца за техничка документација:** Основен проект за адаптација на семејна куќа, општина Кратово за предвидени активности за непосредна заштита во рамки на проектот „Куќата на Соколови" – со тех. број 05/18 од јули, 2018 година (изготвен од ДПГТУ Карапанчевски Компани - Скопје)

За реализација на културни настани, во зависност од договорениот ангажман, настаните може да се одвиваат преку ден, но и навечер, најдоцна до 23 часот.
Зимно време, од мај до септември, просториите за групни посетители ќе бидат отворени од 11 до 17 часот.
Ноќевањето во текот на цела година ќе биде возможно секој ден, со можност на целодневно издавање на просторот, или само како ноќевање.

**5.4. План за безбедност**

Управувањето со безбедноста на посетителите на ЛКН е ставена на приоритот на ПУП.
Планирани се разновидни мерки за реализација во рамки на ПУЛКН.
Безбедноста на посетителите се реализира преку поставување безбедносна опрема (огради, ѕидини, прозорци, врати), како заштитни мерки на самиот објект.
Воедно, во процесот на реконструкција планирани се громобрани, противпожарни апарати и осигурување на самиот објект.
Во случај на итни ситуации, како неповолни временски услови или други непредвидливи настани, може да се спроведе сезонски /временски лимит на користење на локалитетот.
При итен случај, ЛКН има усвоен план/шема за итни случаи/евакуација, што е поставен на видно место на главните влезни точки на локалитетот, а воедно ќе има поставено и сандаче за прва помош.
Одреденото време на пристигање на возилото за итни случаи (возило за брза помош, или за домашна посета) до локалитетот на ЛКН се обезбедува од медицинскиот центар во градот Кратово, кој е одалечен на помалку од 2 километри.
Работниот тим на Куќата на Соколови има подготвен Код на однесување на посетителитекој ќе биде поставен на неколку главни места на локалитетот, во кој се опишани нормите на однесување за посетителите, предупредувања за вандализам, совети за однесување кон експонатите исл.
Дополнителна сигурност на ЛКН е овозможена преку видео инсталација за следење на движењата на посетителите за работното време и вон работните часови.

**5.5. Оперативен план за управување**

Оперативниот план за управување со ПУЛКН претставува негов составен дел и е поврзан со оперативност на ЛКН во однос на одржливост, специфичните активности за одржување, туристичката

инфраструктура, потребните човечки ресурси, начините за нивна реализација, потребите за заштита на објектот, начините на информирање, ИТ пристапноста и друго.

**5.6. Среднорочен финансиски план**

| Година | Ноќевање | Пансион | Туристички тури | Културни настани | Сувенири | Домашни производи | Обуки | Локални Реклами |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прва година** | **5 000 еу** | **2 000 еу** | **2 000 еу** | **1 000 еу** | **2 000 еу** | **3 000 еу** | **1 000 еу** | **500 еу** |
| **Втора година** | **8 000 еу** | **5 000 еу** | **3 000 еу** | **3 000 еу** | **3 000 еу** | **5 000 еу** | **2 000 еу** | **1 500 еу** |
| **Трета година** | **12 000 еу** | **8 000 еу** | **4 000 еу** | **4 000 еу** | **4 000 еу** | **7 000 еу** | **4 000 еу** | |

## 6. Мониторинг на имплементацијата на локалитетот на културно наследство

Мониторинг на имплементацијата на ЛКН е составен дел на ПУЛКН.

Подолу се опишани улогите и обврските на секој член на тимот во спроведување на проектот.

**Надзорен експерт за културно наследство номиниран од Конзерваторски Центар и Управа за заштита на културно наследство**

Здружението ангажира Надзорен експерт за културно наследство номиниран од Конзерваторски Центар. Тој има соодветна стручна квалификација и искуство (лиценциран за работа за физичко културно наследство) и ќе биде присутен на градежното место секогаш кога тоа е потребно.

Надзорниот експерт за културно наследство ќе го придружува изведувачот и добитникот на проектот (Здружение Куќата на Соколови) во текот на мониторирањето и оперативната фаза. Исто така, Надзорнит експерт за културно наследство ги одредува мерките во случај на пронаоѓање и во договорено време.

Овие мерки можат до вклучат следно:

Консултирање со Национална Установа Конзерваторски Центар и Министерство за Култура (Управа за заштита на културно наследство); Отстранувањето на физичко културни ресурси (ФКР) треба да биде од важност; Изведување на понатамошно ископување во рамки на одредена дистанца од местото на пронаоѓање; Продолжување или намалување на подрачјето забележано од изведувачот; Оцена на оштетената културна локација.

Надзорниот експерт за културно наследство треба да обезбеди однесувањето на изведувачот и другиот персонал да не биде штетно за културните ресурси.

**Изведувач**

Спроведувањето на овој ПУЛКН е обврска на изведувачот. Во текот на изведувањето на градежните работи, во случај на ФКР, изведувачот е должен да ги запре градежните активности и да ги извести одговорните институции.Исто така, изведувачот е должен да постапи согласно Законот за заштита на културно наследство.

**Корисник**

Во врска со Надзорниот експерт за културно наследство, спроведувањето на одредените мерки се мониторира од страна на корисникот – Здружението Куќата на Соколови /ангажиран надзорник за градежни работи.Спроведувањето на мерките ќе биде следено пред почетокот на градежните работи, во текот на градежните работи и по завршување на градежните работи.

**Мониторирање и Известување**

ПУЛКН во текот на спроведување на проектот обезбедува информации за клучните аспекти на проектот за заштита на културно наследство, посебно ефектот на проектот и ефикасните мерки за ублажување. Овие информации му овозвможуваат на примателот и Светска Банка евалуација на успехот на ублажувањето како дел на следењето и овозможува преземање на исправно делување. Поради ова, Планот за управување со културното наследство ги идентификува целите за следење и го одредува видот на следење со поврзување со оценетите ефекти во Извештајот за Планот за управување со културното наследство и мерките опишани во него.

Посебно, делот на следење на ПУЛКН обезбедува:

а) посебен опис и технички детали на мерките за следење, вклучувајќи ги параметрите за мерење, методите кои треба да се употребат, зачестеноста на мерењето, границите за откривање (каде е

соодветно), и дефиниција на границата која ќе сигнализира потреба за поправки; и

б) процедури за следење и рапортирање за (1) обезбедување на рано откривање на услови за кои треба посебни дополнителни мерки за ублажуваање и (2) обезбедување на информации за ефикасноста, прогресот и резултати на мерките за ублажување.

Надзорникот за културно наследство доставува краток почетен извештај две недели после почеток на градежните работи. Ќе известува за ангажирањето на екипата, состојбата на локацијата и за било што може да има ефект или да го промени спроведувањето на мерките за ублажување и следење.

Одобрениот извештај од страна на изведувачот или Надзорниот експерт за културно наследство ќе биде услов за комплетно плаќање на договорените хонорари. За да се обезбеди посебно влијание врз изведувањето на изведувачот, во договорот за изведување ќе се вметне соодветна клаузула која прецисно ќе ги наведува казните во случај на непочитување на договорените одредби за заштита на животна средина, во форма не неплаќање на одреден дел на плаќањето, и вредноста ќе зависи од тежината на прекршокот на договорот. За екстремни случаи, договорот ќе предвидува и договор за раскинување.

Изготвениот ПУЛКН е дел на документацијата за наддавање и на договорот со изведувачот (заедно со предмер пресметката) кој ќе биде должен за спроведување на предвидените мерки согласно Планот за ублажување.Спроведувањето на ПУЛКН е задолжително за изведувачот.

Надзорниот орган ангажиран од Здружението Куќата на Соколови, има обврска следење и евалуација на спроведувањето на предложените мерки во рамките на Планот за следење и ги информира Изведувачот и Канцеларијата на Проектот ПЛРК.

Здружението Соколови известува за состојбата на животната средина и културното наследство и за спроведувањето на мерките за ублажување и следење во редовните извештаји за подпроектот и во посебниот извештај за спроведување на ПУКН (ако не е различно договорено со Специјалистот за културно наследство/животна средина, одобрено од Специјалистот на СБ за животна средина).

Спроведувањето на ПУЛКН обезбедува навремено преземање на предложените мерки и придонесува за спроведување на проектните активности без суштински ефекти врз животната средина или културното наследство.

**ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЛОКАЛИТЕТ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО – Здружение Куќата на Соколови**

| Активност | Очекувани ефекти | Предложени мерки за ублажување | Одговорност за спроведување на мерката за ублажување | Период за спроведување на мерката за ублажување | Трошок поврзан со спроведување на мерката за ублажување |
|---|---|---|---|---|---|
| Фаза пред конструкција /фаза на дизајнирање | | | | | |
| Изготвување техничка документација | Отстранување ефекти и ризици врз културното наследство (КН) | Проектната документација подготвена во согласност со релевантна регулатива за Културно наследство, Законот за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење<br>Доставување проектна документација и стенување со мислење и одобрение од релевантни институции како што се НУ Конзерваторски Центар Скопје, Министерство за Култура пред отпочнување градежни работи | Здружение Куќата на Соколови<br>Општина Кратово<br>НУ Конзерваторски Центар Скопје<br>Министерство за Култура | Пред почеток на јавна набавка | Здружение Куќата на Соколови |
| Изготвување конзерваторски услови | Отстранување ефекти и ризици врз културното наследство (КН) | Доставување проектна документација НУ Конзерваторски Центар Скопје и другите одговорни институции според легислативата (пр. Министерство за Култура) | Здружение Куќата на Соколови | Пред почеток на јавна набавка | Здружение Куќата на Соколови |
| Стекнување со одобрение | Отстранување ефекти и ризици врз културното наследство | Конзерваторски услови вклучени во јавна набавка и се дел на ПУКН | Здружение Куќата на Соколови<br>ПЛРК | Пред почеток на јавна набавка | Здружение Куќата на Соколови |
| Стекнување со дозвола | Отстранување ефекти и ризици врз културното наследство(КН) | Конзерваторски услови вклучени во јавна набавка и се дел на ПУКН | Здружение Куќата на Соколови<br>ПЛРК | Пред почеток на јавна набавка | Здружение Куќата на Соколови |

| Фаза на градежни активности | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Возможни негативни ефекти врз автетичниот изглед на објектот број 348 поради: | Создавање поволни услови за оддржливост на интегритетот на објектот<br>Употреба на соодветно дрво за столарија наместо метал или алуминиум, замена на профилите од фасадите согласно регулативата и одобрението.<br>Почитување на националната и локалната регулатива за културно наследство | Изведувач Надзорен орган | Во текот на имплементирањ е на активности | Вклучено во буџетот на под проектот |
| Општи услови | Отстапување од Законот за градба и Законот за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење | | | | |
| | Отстапување од мерките за заштита на културно наследство | | | | |
| | Употреба на несоодветен материјал со изгледот на објектот 348 | | | | |
| Можност за пронаоѓање | Избегнување ефекти и ризици врз КН | Во случај на археолошко пронаоѓање, работите треба веднаш да запрат и одговорните институции (Министерство за Култура, Управа за заштита на културно наследство, НУ Конзерваторски Центар Скопје) да се известуваат во рок предвиден со закон почитувајќи ги националните процедури (Закон за заштита на културно наследство).<br>Работите ќе започнат повторно после одобрение од одговорна институција | Изведувач Надзорен орган | Во текот на целиот период на градежни работи | Вклучено во буџетот на под проектот |
| Општи услови | Избегнување ефекти и ризици врз КН | Усогласување на изгледот, бојата и другите параметри за објектот што се конзервира со постојната автентична документација | Изведувач Надзорен орган | Во текот на целиот период на градежни работи | Вклучено во буџетот на под проектот |
| Обука | Подигната свест на сите инволвирани вработени за избегнување на ефекти и ризици врз КН | Сите нестручни лица, како на пр. персоналот ангажиран во проект, вработени кај изведувачот добиваат соодветна обука за физички и културни ресурси | Изведувач Надзорен орган | Во текот на целиот период на градежни работи | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 1.Електрична инсталација со внатрешно и надворешно осветлување | Воведена промена на слабострујната електрична инсталација во објектот со вградување на нови проводници и приклучоци | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. Приклучок на водоводна мрежа | Приклучување на објектот на водоводна мрежа со изработка на водомерна шахта | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 3. Внатрешна водоводна мрежа | Изработка на водоводна мрежа во бања за ладна и топла вода, цевки, спојници и фитинзи комплет пуштени под притисок | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 4. Приклучок на канализација | Приклучување на објектот во канализациона мрежа комплет со изработка на шахта | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 5. Санација на фасада | Санација на фасада на чардак и замена на дотраена дрвена даска со дрвени опшивки околу прозорите Монтажа на дрвени лајсни за завршна обработка на фасада Монтажа на дрвени облоги на фасада како постоечките греди<br>Опшивни на влез во подрум на плафонска конструкција со аква плочи со завршна обработка на дрвена даска премачкана | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 6. Санација на кров со поставување олуци | Поставување термоизолација над дрвена плафонска конструкција<br>Монтажа на хоризонтални и вертикални олуци | Усогласување солегислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 7. Подови | Стружење на постојана дрвена подна облога во три простории и чардак и лакирање на истата во два слоја | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 8. Адаптација на бања и тоалет комплет со санитарии | Изработка на цементна кошулка<br>Изработка на подна хидроизолација Изработка на преграда со дрвени столбови и дрвена даска за облога<br>Монтажа на дрвена столарија во бања<br>Монтажа на спуштен плафон<br>Поставување на керамички плочки подни и ѕидни Монтажа на санитарна опрема во бања | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 9. Молерски работи | Стружење на постојана дрвена таваница и премачкување со заштитно средство<br>Глетување и бојадисување со водоотпорен ГКП во бања<br>Санирање на ѕидна површина од пукнатини и отвори на оџаци со мрежа, лепак или глет маса.<br>Санирање на ѕидна површина со предходно рушење на дотраен малтер, поставување мрежа и лепак и покривање на површината со декоративен бел малтер на гипсана основа. | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 10. Браварски работи | Поправка и санациај на постојни дрвени врати комплет со замена на оков и брави.<br>Изработка на ограда од ковано железо, комплет со спојни | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | елементи и ракохват од дрво.<br>Изработка на ограда на подрумски скали.<br>Изработка на ограда на парапетни камени потпорни ѕдови. | | | | |
| 11. Гипсарски работи | Монтирање на спуштен плафон во подрум.<br>Монтирање на спуштен плафон од аква панел плочи комплет со опшивање на дрвена штица. | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 12. Ѕидање потпорен ѕид со камен | Ископ на земја со темелно кршење на камена подлога<br>Ѕидање на потпорен парапетен ѕид во дворно место од камен<br>Фугирање на ѕид од камен<br>Ѕидање на традиционална фурна 60/90/180 комплет со оџак со надворешна обработка на каменот со цементен малтер | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 13. Урбана опрема во двор | Поставување дрвена пергола со дрвени столбови и греди со спојни средства и метални анкери | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 14. Монтажа на клима уреди | Монтажа на клима уреди од надворешна и внатрешна страна | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 15. Подрумски простории | Рачен ископ на земја и шут од подрумска просторија во слој од 20цм и транспортирање во депонија<br>Насипување на песок во слој од 15цм и набивање на истиот<br>Изработка на под од кршен камен со заливање на фугите со центна кошулица<br>Санирање на скали и подес на влез во подрум и влез на објект со фугирање<br>Монтажа на дрвена столарија во подрум со исполна на термопан стакло на прозори<br>Монтажа на дрвена врата во подрум комплет со оков и брава | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 16.Средување на дворот и поправка на главна капија | Чистење на дворот од шут и исфрлање во депонија<br>Чистење на дворна тераса од грмучки и ифрлање во депонија<br>Чистење на пристапни патеки од кршен камен во дворот<br>Демонтажа на искршена керамида и исфрлање во депонија<br>Демонтажа на постојана дрвена конструкција на настрешница на капија<br>Изработка и монтажа на дрвена конструкција на настрешница на капија<br>Монтажа на керамида како постојана на објектот<br>Санирање на постојана дрвена врата на капија, лакирање, промена на оков и брава<br>Обложување на ѕид спрема сосед со кршен камен со двокомпонентен лепак, фугирање на цементна основа | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17. Чистење на објектот | Чистење на објектот од шут, рачен утовар и одвоз до депонија 15 км | Усогласување со легислативата на Старото градско јадро на Кратово | Изведувач Надзорен орган Општинска администрација Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |

## СЛЕДЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЛОКАЛИТЕТОТ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО – Здружение Куќата на Соколови

| Фаза на изградба | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кој<br>Параметар треба да се следи?** | **Каде<br>Треба да се следи тој параметар?** | **Како<br>Треба да се следи тој параметар(што треба да се мери и како)?** | **Кога<br>Треба да се следи тој параметар(време и зачестеност)?** | **Од кого<br>Треба тој параметар да се следи– (одговорност)?** | **Колкав<br>е трошокот поврзан со спроведувањето на следењето** |
| 1. Спроведување на правила и закони за градење во заштитени подрачја | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот и во текот на проектни активности | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 2. Мерки за заштита на културни подрачја | Градежно место | Визуелна проверка | Секој работен ден во текот на проектните активности | Надзорен<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 3.Електрична инсталација со внатрешно и надворешно осветлување | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | После поставување на прозори и врати | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 4. Приклучок на водоводна мрежа | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 5. Внатрешна водоводна мрежа | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 6. Приклучок на канализација | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 7. Санација на фасада | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 8. Санација на кров со поставување олуци | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 9. Подови | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 10. Адаптација на бања и тоалет комплет со санитарии | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 11. Молерски работи | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. Браварски работи | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 13. Гипсарски работи | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 14. ѕидање потпорен ѕид со камен | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 15. Опрема во двор | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 16. Монтажа на клима уреди | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 17. Подрумски простории | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 18. Средување на дворот и поправка на главна капија | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| 19. Чистење на објектот | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | Надзорен орган<br>Здружение Куќата на Соколови<br>ЕСП ПЛРК | Вклучено во буџетот на подпроектот |
| Оперативна Фаза | | | | | |
| Следење – Здружението Куќата на Соколови во соработка со НУ Конзерваторски Центар Скопје ги следи активностите и потврдува дека е во согласност со проектната документација и Законот за културно наследство.<br>После реализирање на проектните активности, НУ Конзерваторски Центар Скопје доставува Извештај за културно наследство. | | | | | |

Анекс 1 Конзерваторско одобрение



Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
УПБр.08-1348
27.12.2018 год.
Скопје

17.02.2020
05 – 34/1

ДО

**ВАСИЛ СОКОЛОВ**
**ул.„Гиго Михајловски" бр.9/3/10**
**1000 Скопје**

**Предмет:** Доставување Конзерваторско одобрение

Во прилог на ова писмо ви го доставуваме Конзерваторско одобрение за **конзервација, реставрација и адаптација на куќа на Соколови на ул.„Митко Калениски" бр.5, КО 1342, КО Кратово** и два (2) заверен проекти.

Со почит,

**Директор,**
**д-р Елеонора Петрова-Мијевска**

Прилог: Конзерваторско одобрение и два (2) заверени проекти

Адреса: „Павел Шатев" бр.3. П. фах 220, 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/5517-700
contact@uzkn.gov.mk www.uzkn.gov.mk

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

УП Бр. 08-1348
27.12.2018 год.
Скопје

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице, врз основа на член 87 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16 и 11/18), по барање на **Васил Соколов** издава

**КОНЗЕРВАТОРСКО ОДОБРЕНИЕ**

**за конзервација, реставрација и адаптација на куќа на Соколови на ул.„Митко Калениски" бр.5, КО 1342, КО Кратово**

1. На **Васил Соколов,** се издава конзерваторско одобрение за **конзервација, реставрација и адаптација на куќа на Соколови на ул.„Митко Калениски" бр.5, КО 1342, КО Кратово,** според Основен проект изработен од страна на **„КАРАПАНЧЕВСКИ КОМПАНИ", ДООЕЛ, Скопје** (тех.бр. 05/18 од 10.2018 год.);

2. Работите од ст.1 од диспозитивот на ова одобрение да се завршат не подолго од две (2) години во рамките на обезбедените средства;

3. Работите да се изведуваат под конзерваторски надзор на овластен архитект конзерватор назначен од НУ Национален конзерваторски ценатр - Скопје;

4. Се укажува дека согласно член 87, став 10 од Законот за заштита на културното наследство за работите од точка 1 од диспозитивот на ова одобрение, потребно е да се обезбеди и **одобрение согласно со прописите за градење**;

5. За точниот термин на отпочнување на работите задолжително е да се известат **Управата за заштита на културното наследство и НУ Национален конзерваторски ценатр - Скопје.**

**О б р а з л о ж е н и е**

До Управата за заштита на културното наследство **Васил Соколов,** поднесе барање за добивање конзерваторско одобрение за **конзервација, реставрација и адаптација на куќа на Соколови на ул.„Митко Калениски" бр.5, КО 1342, КО Кратово.**

Кон барањето подносителите приложија докази дека се исполнети потребните услови за добивање конзерваторско одобрение, предвидени во член 87 од Законот за заштита на културното наследство, и тоа:

1. Основен проект за **конзервација, реставрација и адаптација на куќа на Соколови на ул.„Митко Калениски" бр.5, КО 1342, КО Кратово** (самo архитектура, без фаза електрика), изработен од страна на **„КАРАПАНЧЕВСКИ КОМПАНИ", ДООЕЛ, Скопје (тех.бр. 05/18 од 10.2018 год.);**

Адреса: „Павел Шатев" бр.3; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/5517-700
contact@uzkn.gov.mk www.uzkn.gov.mk

2. **Позитивен Извештај (бр.08-268/8 од 30.11.2018 год.)** од извршена стручна контрола на конзерваторски проект од комисија назначена од **НУ Национален конзерваторски центар - Скопје.**

3. **Изјава** од сопственикот **Елизабета Александар Соколова** за непречено вршење на работите на непосредна заштита, заверена на нотар Ванчо Андоновски бр.УЗП 4953/2018 од 11.07.2018 год.

По проучувањето на документацијата приложена кон барањето, Управата за заштита на културното наследство констатира дека барањето е основано и условите во смисла на чл. 87 од Законот за заштита на културното наследство и член 3 од Правилникот за конзерваторски проекти се исполнети.

Управата од аспект на културното наследство, ова одобрение го издава во согласност со **Позитивен Извештај (бр.08-268/8 од 30.11.2018 год.)** од извршена стручна контрола на конзерваторски проект од комисија назначена од **НУ Национален конзерваторски центар – Скопје**. Врз основа на горенаведениот извештај проектното решение е во согласност со физичката состојба и вредностите на заштитеното добро и работите може да се изведат според приложениот проект.

**Забелешка:** Основниот проект е составен од фаза Архитектура и фаза Електрика. За фазата Архитектура извршена е стручна контрола, додека за фазата Електрика нема извршена ревизија од страна на овластени ревиденти, согласно тоа во овој акт не се зема во предвид.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на одобрението.

**ПРАВНА ПОУКА: Против овој акт може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Директор,

*д-р Елеонора Петрова-Мишевска*

Изработила: д.и.а Б.Кузмановска
Одобрил: м-р Б. Јовановска

Доставено до:
- Васил Соколов
- НУ НКЦ - Скопје
- архива
- досие
- Одделение за инспекциски надзор

Адреса: „Павел Шатев" бр.3; П. фах 220, 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/5517-700
contact@uzkn.gov.mk www.uzkn.gov.mk